| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Прошетка до паркот |
| **Содржина на денот** | Семафор |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор како да одржуваме физичко растојание дома и во градинка. Најдобро е да одржуваме растојание и кога играме.<br>Усвојување на нови навики на безбедно поздравување на растојание со другарчињата. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со кратка прошетка во блиската околина. Водете краток разговор за сообраќајните знаци и правила, а потоа задржете го вниманието на семафорот. Заедно со детето набљудувајте го семафорот, разговарајте за неговото значење и опишувајте го. Семафорот е составен од три светла, црвено кое се наоѓа најгоре и означува запирање на автомобилите и чекање додека не дојде друго светло, на ред жолто кои значи да се спремиме, и на крај зеленото светло кое значи дека може да поминеме. Потоа предложете му на детето да бои „Семафор“, на претходно нацртана контура  на лист од блок со дрвени бои притоа внимавајќи на редоследот на боите на семафорот. |